Јавно претпријатие за комунални дејности КОМУНА Крушево
Ndërmarrja publike për veprimtari komunale KOMUNA Krushevë
Бр. 04-240/11
10.02.2025 Год.

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Сл.Весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 2/17, 16/17, 11/18 и „Сл.Весник на РСМ“ бр. 275/19, 14/20, 112/20 215/21,99/22 и 210/24 ), а во врска со Конечната ранг листа од сите фази на селекција и предлог на кандидат за вработување донесени од Агенција за администрација на Република Северна Македонија ВД Директорот на ЈП „Комуна“ Крушево ја донесе следната:

# О Д Л У К А

за избор на кандидати за вработување на административни службеници

1.Кандидатот **Хрисула Влаху Чачороска** се избира за работното место КДР 01 02 Г04 004 Помлад референт за адмнистративно-технички работи, Одделение за општи,правни работи и управување со човечки ресурси, Сектор за административно – стручни работи.

2.Одлуката за избор се доставува до избраните кандидати и се објавува на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

3.Во рок од 5 (пет) дена до конечноста на одлуката за избор ВД Директорот ќе донесе решение за вработување.

О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за администрација по барање на ЈП „Комуна“ Крушево објави оглас за вработување на административни службеници – 1 (еден) извршител за работното место КДР 01 02 Г04 004 Помлад референт за адмнистративно-технички работи, Одделение за општи,правни работи и управување со човечки ресурси, Сектор за административно – стручни работи во дневните весници Нова Македонија, Вечер и Лајм.

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас на ден 17.01.2025 година изврши административна селекција утврдено со Записник бр.10-156/3 од 17.01.2025 година. По извршената административна селекција на ден 05.02.2025 година се спроведе испит за административен службеник утврдено со Записник бр.10-156/4 од 05.02.2025 година. Од страна на комисијата на ден 06.02.2025 година се изврши проверка на веродостојноста на доказите и спроведе интервју утврдено со Записник бр.10-156/5 од 06.02.2024 година.

Врз основа на добиените резултати од сите спроведени фази, Комисијата изготви Конечна ранг-листа на кандидати, и врз основа на конечната ранг-листата до ВД Директорот достави предлог кандидат за вработување.

Поради горенаведеното ВД Директорот одлучи како во диспозитивот на одлуката.

ПРАВНА ПОУКА: Против одлуката незадоволниот кандидат има право во рок од 8 дена да поднесе жалба до Агенцијата на администрација сметано од денот на објавување на одлуката на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

ЈП „Комуна“ Крушево
ВД Директор,

Станка Ефремова Трајкоска